**20251483302**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 35 став (5) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), министерката за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИИТЕ И НИВНИОТ БРОЈ, ПРОЦЕНУВАЊЕТО НА ПРИСТИГНАТИТЕ АПЛИКАЦИИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО НАСТАВНИК-МЕНТОР И НАСТАВНИК-СОВЕТНИК, БОДИРАЊЕТО НА КАНДИДАТИТЕ, РАНГ ЛИСТАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА КОМИСИИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите.

Член 2

Комисиите за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник (во натамошниот текст: комисиите) се формираат најдоцна 15 работни дена од денот на завршување на јавниот повик за добивање на звање наставник-ментор и наставник-советник (во натамошниот текст: јавниот повик), кој се објавува во втората половина од тековната година на интернет страницата на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) и трае од еден до два месеца, по претходно доставени предлози за членови од соодветните наставнички факултети, од репрезентативниот синдикат за образование, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, од Министерството, од Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото), односно Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: Центарот) за наставниците по стручните предмети.

Бројот на комисиите од став 1 на овој член, е во зависност од бројот на кандидатите кои конкурирале на јавниот повик и во зависност од јазикот и писмото на кој кандидатите ја реализираат наставата. Една комисија може да се формира за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди и бодирање на кандидатите за најмногу 60 кандидати за стекнување на звање наставник-ментор или наставник-советник.

Член 3

Комисијата, за пријавените кандидати на јавниот повик, врши проценка дали кандидатите ги исполнуваат условите за стекнување на звањето наставник-ментор или наставник-советник, преку проверка на образецот со документите и доказите прикачени на електронската апликација на интернет страницата на Министерството.

Член 4

Кандидатот кој не ги исполнува условите за напредување во звање наставник-ментор и наставник-советник, се известува дека не учествува во понатамошната постапка.

Ако кандидатот не прикачил комплетни документи и докази на електронската апликација на интернет страницата на Министерството и по барањето да ја комплетира документацијата истото не го направи, не учествува во понатамошната постапка.

Кандидатите од ставовите 1 и 2 на овој член, се известуваат преку увид во електронската апликација на интернет страницата на Министерството.

Член 5

Од страна на комисијата, најдоцна 50 дена од денот на доделувањето на лозинката за увид во внесените документи во електронската апликација, се поднесува барање до Бирото, односно до Центарот за доставување на оценка за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор или наставник-советник, како и барање до училиштето во кое работи кандидатот за доставување мислење за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор или наставник-советник, освен за кандидатите од член 7 став 2 од овој правилник.

Од страна на Бирото, односно Центарот, најдоцна 30 дена од денот на приемот на барањето од став 1 на овој член, до комисијата се доставува оценка за исполнетоста на стандардите од став 1 на овој член, за секој кандидат.

Од страна на училиштето во кое работи кандидатот, најдоцна 15 дена од денот на приемот на барањето од став 1 на овој член, до комисијата се доставува мислење за исполнетоста на стандардите од став 1 на овој член, за секој кандидат. Училиштето дава мислење врз основа на податоците со кои располага тимот за професионален развој во училиштето, мислењето на наставниците, мислењето на родителите и мислењето на учениците.

Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор или наставник-советник од Бирото, односно Центарот и мислењето од училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор или наставник-советник, се прикачуваат на електронската апликација на интернет страницата на Министерството.

Член 6

Од страна на комисијата се врши бодирање врз основа на доказите од електронската апликација на интернет страницата на Министерството, оценката за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор или наставник-советник од Бирото, односно Центарот и мислењето од училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор или наставник-советник.

Член 7

Бодирањето на кандидатите се врши согласно Листата на бодови за обуки, научно-стручни конференции, конгреси, симпозиуми, авторство, учество во активности за подобрување на наставата и награди и признанија (во натамошниот текст: Листата на бодови), која е дадена во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

За кандидатите кои имаат добиено помалку од 45 бода за наставник-ментор, односно помалку од 60 бода за наставник-советник, комисијата не доставува барање до Бирото, односно Центарот за давање на оценка за исполнетоста на професионалните стандарди и до училиштето за давање мислење за исполнетоста на професионалните стандарди на наставникот од основното, односно средното училиште.

Кандидатите од став 2 на овој член, се известуваат за нивните бодови преку увид во електронската апликација на интернет страницата на Министерството.

Член 8

Комисијата, за секој кандидат ги собира бодовите од оценката од Бирото, односно Центарот за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор, односно наставник-советник, мислењето од училиштето за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор, односно наставник-советник и бодовите од Листата на бодови.

Член 9

Најголемиот број на можни бодови од Листата на бодови е 80 за звањето наставник ментор, односно 100 за звањето наставник-советник.

Најголемиот број на можни бодови од оценката за исполнетоста на професионалните стандарди е 80 за звањето наставник-ментор, односно 100 за звањето наставник-советник.

Најголемиот број на можни бодови од мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди на наставникот од основното односно средното училиште е 20 за звањето наставник-ментор, односно 25 за звањето наставник-советник.

Најголемиот вкупен број на можни бодови од Листата на бодови, од оценката за исполнетоста на професионалните стандарди и од мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди на наставникот од основното, односно средното училиште за звањето наставник-ментор е 180, односно за звањето наставник-советник 225.

Член 10

По извршеното бодирање на кандидатите за наставник-ментор, од страна на комисијата се изготвува список на кандидати по општина, општина во градот Скопје, односно за градот Скопје, кои согласно бодирањето од член 7 од овој правилник, освоиле: од професионалниот развој на наставници најмалку 45 бода, од оценката за исполнетоста на професионалните стандарди од Бирото и Центарот најмалку 45 бода и од мислењето од училиштето најмалку 11 бода.

По извршеното бодирање на кандидатите за наставник-советник, од страна на комисијата се изготвува список на кандидати по општина, општина во градот Скопје, односно за градот Скопје кои согласно бодирањето од член 7 од овој правилник, освоиле: од професионалниот развој на наставници најмалку 60 бода, од Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди од Бирото и Центарот најмалку 60 бода и од Мислењето од училиштето најмалку 15 бода.

За кандидатите кои се на списоците од ставовите 1 и 2 на овој член, а се согласно бројот на наставници кои може да се стекнат со звања наставник-ментор или наставник-советник за секоја општина, општина во градот Скопје, односно град Скопје утврден согласно член 32 став (4) од Законот за наставниците и стручни соработници во основните и средните училишта, се врши проверка на документите и доказите за професионален развој, кои кандидатите ги доставуваат до комисијата во оригинал или копија заверена на нотар, најдоцна 10 дена од денот на изготвувањето на списокот од став 1, односно став 2 на овој член.

По извршената проверка од став 3 на овој член, се изготвува Ранг листата по општина, општина во градот Скопје, односно за градот Скопје.

Образецот за Ранг листата од ставот 4 на овој член, за наставник-ментор е даден во Прилог бр. 2, а за наставник-советник е даден во Прилог бр. 3, кои се составен дел на овој правилник.

Член 11

Ранг листата од член 10 став 4 од овој правилник, од страна на комисијата се доставува до Министерството.

Член 12

На секој член на комисијата му се доделува лозинка со која истиот може да има увид во внесените документи во електронската апликација на интернет страницата на Министерството.

Член 13

Комисијата на првата седница од редот на членовите избира претседател.

Член 14

За секоја одржана седница на комисијата се води записник.

Записникот содржи податоци за: време и место на одржување на седницата, дневен ред, присутни и отсутни членови на комисијата, преглед на кандидати кои се бодирани со бодови. Записникот се потпишува од сите членови присутни на седницата.

Член 15

Со денот на донесување на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник- советник, бодирање на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/20, 308/20, 63/21 и 111/21).

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-10336/1
21 јули 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

**Прилог бр.1**

## Листа на бодови за обуки, научно-стручни конференции, конгреси, симпозиуми, авторство, учество во активности за подобрување на наставата и награди и признанија

| | Вид на програми за обука | Улога на кандидатот на обуката (начин стекнување сертификат) | Бодови за обуки според поминати часови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3-6 (часови) | 7-18 (часови) | 19-30 (часови) | над 30 (часови) |
| 1.1 | - Акредитирани програми за обуки од Биро за развој на образованието<br>- Обуки реализирани од Биро за развој на образованието, Центар за развој на стручното образование и Државен испитен центар<br>- Обуки поддржани од организатори во соработка со Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Центар за развој на стручното образование и Државен испитен центар | Обучувач за модул за обука на национално ниво и обучувач на обучувачи | 3 | 6 | | |
| 1.2 | | Дисеминатор на национални обуки на локално и училишно ниво | 2 | 4 | | |
| 1.3 | | Кандидат кој поседува доказ (сертификати, потврда или сл.) за примена на стекнатото знаење докажано преку пропишана процедура за сертификација | 4 | | | |
| 1.4 | | Присуство на обука на национално ниво | 1 | 1,5 | 2 | 2,5 |
| 1.5 | | Присуство на дисиминација на обука | 0,5 | 1 | 1,5 | 2 |
| 1.6 | Неакредитирани програми за обуки (на пр. организирани од високообразовни установи, локална самоуправа, училиште, интерни обуки, индивидуални форми на обуки (во или надвор од државата, вебинари, онлајн обуки), проекти | Обучувач/асистент/фасилитатор за модул | 0,5 | 1 | 1,5 | 2 |
| 1.7 | | Присуство на обука | 0,2 | 0,4 | 0,6 | 0,8 |

| Настан | | Улога | Бројот на бодови за поединечен настан |
|---|---|---|---|
| 2.1 | Научни конференции/<br>Стручни конференции/<br>конгреси/<br>симпозиуми/стручни престои | Пленарно излагање | 4 |
| 2.2 | | Позитивно рецензиран и објавен труд во материјалите од настанот | 3 |
| 2.3 | | Член на организациски одбор | 2 |
| 2.4 | | Сопствена постер презентација / излагање / водител на сесија / модератор | 1,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.5 | | Учесник слушател | 1 |
| 2.6 | | Студиски престој во странство - над 7 дена | 2,5 |

| | Активност | Бодови за поединечена активност |
|---|---|---|
| 3.1 | Автор/коавтор на одобрен учебник и на одобрен прирачник (за ученици или за наставници) | 4 |
| 3.2 | Објавен труд во индексирано стручно списание или списание со импакт фактор | 4 |
| 3.3 | Објавен труд во стручно списание | 2 |
| 3.4 | Од училиштето одобрени стручни материјали за учење (скрипти, прирачници, помагала и сл.) користени интерно на училишно ниво по предмет | 2 |
| 3.5 | Рецензент на стручна литература/учебник/прирачник | 2 |
| 3.6 | Превод/ стручна редакција на објавена стручна литература | 1 |
| 3.7 | Автор на модул или прирачник за обука на национално ниво | 2 |

| | Активност | Бодови за поединечен доказ |
|---|---|---|
| 4.1 | Учество во креирање концепциски, програмски и системски документи | 3 |
| 4.2 | Учесник во изготвување инструменти за вреднување на постигањата | 1 |
| 4.3 | Член на истражувачки тим за научно-истражувачки проекти на државно ниво од научни стручни институции во државата | 3 |
| 4.4 | Учество во спроведување на иновативни проекти во училиштето и меѓу училиштата | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Звање/научен степен | | | Бодови |
| 5.1 | Доктор на науки | | 4 |
| 5.2 | | во струката или сродна област | |
| 5.3 | Магистер | | 2 |
| 5.4 | | во струката или сродна област | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид награда | | | Бодови за поединечен доказ |
| 6.1 | Награда за стручната работа и вонредни постигања на наставникот на | меѓународно ниво | 6 |
| 6.2 | | државно ниво | 3 |
| 6.3 | | општинско ниво | 2 |
| 6.4 | Ментор на ученик кој добил награда/медал на натпревар на | меѓународно ниво | 3 |
| 6.5 | | државно ниво | 2 |

**Прилог бр.2**

**Ранг листа на кандидати за звање наставник - ментор по општини и Град Скопје**

| Реден број | Општина (по азбучен ред) и Град Скопје | Училиште | Име и презиме на кандидатот | Бодови од оценка на Биро за развој на образованието/Центар за развој на стручното образование | Бодови од професионален развој | Бодови од мислење на училиштето | Вкупно бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Датум: -------------------------

Комисија:

Претседател--------------------------
Член -----------------------------------
Член -----------------------------------
Член -----------------------------------
Член ----------------------------------

**Прилог бр.3**

**Ранг листа на кандидати за звање наставник - советник по општини и Град Скопје**

| Реден број | Општина (по азбучен ред) и Град Скопје | Училиште | Име и презиме на кандидатот | Бодови од оценка на Биро за развој на образованието/Центар за развој на стручното образование | Бодови од професионален развој | Бодови од мислење на училиштето | Вкупно бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Датум: ------------------------

Комисија:

Претседател-------------------------
Член ----------------------------------
Член ----------------------------------
Член ----------------------------------
Член ---------------------------------